Арх. знак 1501
Рок на чување ТРАЈНО
13.06 2019 год
Потпис

**Бр. 15-745/2**

# ЗАПИСНИК

од седницата на Централна изборна комисија одржана на ден 13.06.2019 година.

На седницата присуствуваа д-р Ненад Цветановски, претседател на Комисијата, д-р Милан Нацевски, д-р Костадин Митев и д-р Ридван Алили. На седницата не присуствуваше д-р Александар Стојановски.

Откако утврди кворум за работа, претседателот на Централната изборна комисија, д-р Ненад Цветановски го предложи следниот дневен ред:

-Усвојување на Предлог-дневниот ред

1. Усвојување на записник од претходната седница одржана на ден 25.04.2019 година

2. Разгледување на доставените документи од РО Гази Баба и РО Гостивар

3. Разно

- Предлог-дневниот ред беше едногласно усвоен.

1. Записникот од претходната седница на Централна изборна комисија од 25.04.2019 година беше едногласно усвоен без забелешки и дополнување.

2. По разгледување на доставените кандидатури од Регионален одбор Гази Баба и Регионален одбор Гостивар, Централната изборна комисија констатираше дека д-р Валдет Исеини предложен кандидат за РО Гостивар нема доставено изјава. Комисијата ја задолжува Стручната служба на Комората да го извести д-р Исеини во рок од 5 дена да достави изјава и доколку не се испочитува одредениот рок нема да се прифати неговата кандидатура.

Централната изборна комисија ја задолжува Стручната служба на Комората на 19.06.2019 година да објави информација на веб-страната за избирачки списоци на увид и датум за закажани избори на 18.07.2019. Да се испрати допис до претседателите на регионалните изборни комисии за датумот на избори и процесот за спроведување на избори. Централната изборна комисија ги задолжува претседателите и членовите на регионалните изборни комисии на 19.07.2019 година најдоцна до 12 часот да ги достават изборните материјали. Седницата на ЦИК се закажува од 13 часот.

**ЦЕНТРАЛНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**

ПРЕТСЕДАТЕЛ

Д-р Ненад Цветановски

Стоматолошка комора на Македонија * СКОПЈЕ *